АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.72/07, 05/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

**Ј А В Е Н П О В И К б р . 6 / 2 0 2 3**
**за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следните мерки:

| Код на мерка | Назив на мерката |
|---|---|
| **Мерка 131** | **Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност** |
| 131.1 | Помош за основање и функционирање на земјоделски задруги |

## II. КОРИСНИЦИ

**Право на користење на средства имаат следните субјекти:**

| Субјекти | Код на мерка |
|---|---|
| - Задруга или правно лице со претежна дејност од областа на земјоделството и основано од носители на земјоделски стопанства регистрирани во ЕРЗС,<br>- Земјоделска задруга регистрирана согласно со Законот за земјоделски задруги,<br>- Задруга или правно лице со претежна дејност од областа на земјоделството и основано од носители на земјоделски стопанства регистрирани во ЕРЗС и преработувачки капацитет за преработка на земјоделско-прехранбени производи и<br>- Правно лице од областа на земјоделството формирани од здружение на земјоделски производители. | Мерка 131 |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Финансиската поддршка се однесува на направени прифатливи трошоци во период од 1 јануари до 30 јуни 2023 година.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.
Прифатливи трошоци за воспоставување на задруга во тековната година и одржување на работата на веќе воспоставени задруги се следните:

- трошоци за воспоставување на земјоделската задруга, освен за веќе воспоставени задруги;

- трошоци за закуп на простории и објекти за работа на задругата, освен за веќе воспоставени задруги;
- трошоци за набавка на компјутерска опрема, канцелариски мебел и компјутерски софтвер за планирање, управување, следење и контрола, освен за веќе воспоставени задруги;
- бруто-плата на стручни лица за управување со земјоделската задруга, административни и технички работници;
- услуги од трети лица за водење на сметководство и ревизија на работењето на земјоделската задруга;
- услуги од трети лица за едукација на вработените стручни лица во земјоделската задруга ;
- трошоци за информирање на членовите на земјоделската задругата;
- услуги од трети лица за организирање и спроведување на програми за обука на членовите на земјоделската задруга вклучително и патни и дневни трошоци на членовите на земјоделската задруга во висина која не надминува 800 денари од ден по учесник и
- трошоци за организирање на промотивни настани за привлекување и ширење на членството на задругата.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за поединечна подмерка се доставуваат во оригинален примерок.

**Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу 2 барања за оваа мерка или најмногу 2 барања по различни мерки земајќи ги предвид и останатите мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година**.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени со:

- **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2023, 73/2023, 120/2023, 149/2023 и 164/2023),**
- **Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013 , 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/2017, 83/2018 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/2019, 244/2019, 275/2019, 110/2021 и 123/2022),**
- Закон за земјоделски задруги („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 23/13, 51/15, 193/15 и 39/16)
- **Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршка од мерките за рурален развој, прифатливи трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 72/2014, 88/2015, 35/2016, 59/2016, 178/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/2019, 214/2019, 276/2021, 91/2022, 122/2022, 186/2022 и 73/2023),**
- **Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 35/2016, 101/2017 и 162/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.100/2019, 215/2019, 24/2020, 96/2021, 276/2021, 92/2021, 113/2022, 186/2022, 73/2023 и 94/2023)**

Барателите на финансиска поддршка потребно е да поднесат уредно и целосно пополнето барање за исплата на средства за Мерка 131 заедно со пропратната документација наведена во барањето.

Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства за мерката 131, согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година. Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за исплата" со листата на потребни документи може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk.
Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот на адреса:
**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**Ул. 3-та Македонска бригада бр.20 ( Зграда на Македонија Табак блок Ц )**
**1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката "НЕ ОТВОРАЈ", за Јавен повик број 06/2023 и назначување на шифрата на мерката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

**Краен рок за доставување на барање за исплата по овој јавен повик е 30 август 2023 година**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и
на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.
Контакт:
**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**Сектор за одобрување исплата.**
Телефон 02 3097-460, секој работен ден од **08:30** до **16.00** часот
Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk